**З А П И С Н И К**

**од дваесет и четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата**

**за електронски комуникации за 2026 година**

Дваесет и четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 20.07.2026 година во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити. На состанокот присуствуваше и Директорот на Агнцијата за електронски комуникации, Nusret Haliti.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесет и четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Барање за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, пред јавна расправа;
4. Барање на согласност за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за одржување на CIRT IKT (дата) инфраструктура-превентивно, адаптивно и реактивно одржување, за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Барање на согласност за јавна набавка на услуга-Прв податочен и интернет провајдер;
7. Барање на согласност за јавна набавка на услуга-Втор податочен и интернет провајдер;
8. Барање на согласност за јавна набавка на услуга -Дигитални сертификати;
9. Барање на согласност за јавна набавка на услуга од Авторска агенција;
10. Барање за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за плати и на други надоместоци на Агенцијата за електронски комуникации;
11. Барање на согласност за вработување без јавен оглас, преку превземање, во Агенцијата за електронски комуникации;
12. Барање на согласност за објавување оглас за вработување на определено време во Агенцијата за електронски комуникации;
13. Разно

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и одлучија точките 10 и 11 од Предлог Дневниот ред да се одложат за наредниот состанок по што едногласно го усвоија следниот Дневен ред за дваесет и четвртиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации :

1. Усвојување на дневниот ред за дваесет и четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Барање за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, пред јавна расправа;
4. Барање на согласност за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за одржување на CIRT IKT (дата) инфраструктура-превентивно, адаптивно и реактивно одржување, за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Барање на согласност за јавна набавка на услуга-Прв податочен и интернет провајдер;
7. Барање на согласност за јавна набавка на услуга-Втор податочен и интернет провајдер;
8. Барање на согласност за јавна набавка на услуга -Дигитални сертификати;
9. Барање на согласност за јавна набавка на услуга од Авторска агенција;
10. Барање на согласност за објавување оглас за вработување на определено време во Агенцијата за електронски комуникации;
11. Разно.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3 од дневниот ред, Комисијата го разгледа Барање за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, по што едногласно го усвои, пред објавување на јавна расправа, согласно член 13 од Законот за електронските комуникации.

Во врска со точка 4, Комисијата го разгледа барањето доставено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации за што едногласно даде согласност за Дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 5, Комисијата едногласно даде согласност за за јавна набавка на услуга за одржување на CIRT IKT (дата) инфраструктура-превентивно, адаптивно и реактивно одржување, за потребите на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 6, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга-Прв податочен и интернет провајдер.

Во врска со точка 7, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга-Втор податочен и интернет провајдер.

Во врска со точка 8, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга -Дигитални сертификати.

Во врска со точка 9, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга од Авторска агенција.

Во врска со точка 10, Комисијата го разгледа барањето доставено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации за што едногласно даде согласност за објавување на оглас за вработување на определено време на 5 (пет) извршители во Агенцијата за електронски комуникации.

Под точка разно, Комисијата го разгледа барањето за спонзорство доставено од Здружението на ракометарен клуб од Струга и едногласно одлучи истото да не се прифати поради тоа што Агенцијата за електронски комуникации нема предвидено средства во Финансискиот план за 2026 година за таа намена.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Д-р Адмирим Алити, член________

Наш број 1102-31/2

Скопје 20.07.2026 година